# З А П И С Н И К

од Сто и единаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година

Скопје, септември 2025 година

**З А П И С Н И К**
**од Сто и единаесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година**

Седницата започна во 13:05 часот.

На седницата претседаваше Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем.

На седницата присуствуваа Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, членовите на Владата, м-р Владо Мисајловски, министер за одбрана, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, д-р Азир Алиу, министер за здравство, проф. д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Борко Ристовски, министер за спорт и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Хасим Муртезани.

На седницата присуствуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Астрит Исени, заменик на министерот за внатрешни работи, м-р Ален Деребан, заменик на министерот за правда, д-р Викторија Трајков, заменик на министерот за европски прашања и Ѓоко Велковски, заменик на министерот за социјална политика, демографија и млади.

На седницата присуствуваа и м-р Ивица Томовски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Марија Митева, портпарол на Владата на Република Северна Македонија, како и м-р Димитар Димовски, секретар за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата.

Од седницата отсуствуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија

и министер за односи меѓу заедниците, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади и Горан Минчев, министер за јавна администрација.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Влада (2024-2028) за август 2025 година

2. Табеларни прегледи за постапување на институции, со прилози

3. Прашања и предлози

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на реализација на проектите од Програмата за работа на Влада (2024-2028) за август 2025 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за финансии да достави комплетни и систематизирани листи на сите активни проекти во рамките на ИПА и ИПАРД програмите во рок од седум дена, до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата и да воспостави систем на редовна и проактивна комуникација со сите инволвирани институции со цел изнаоѓање решенија за надминување на проблемите, како и механизам за континуирано следење на реализацијата на проектите за што на месечна основа ќе го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во

Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 20 секој месец, започнувајќи од октомври 2025 година.

2. Се задолжува Министерството за европски прашања да подготви детален концепт за основање на ЕУ Ресурсниот центар, вклучувајќи институционална поставеност во рамки на Министерството, финансиска конструкција, временска рамка за воспоставување и операционализација, план за човечки ресурси и користење на расположливите инфраструктурни капацитети, како и потребата од соодветно опремување со мебел, техничка и информатичка опрема и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 20.11.2025 година.

3. Се задолжува Министерството за европски прашања, во соработка со релевантните институции, да преземе активности за целосна имплементација на проектот за зајакнување на преведувачките и толкувачките капацитети за македонски јазик, кој има за цел навремена и квалитетна подготовка на националната верзија на европското законодавство и обезбедување стручна поддршка во пристапните преговори преку редовно вклучување на институциите во процесот на правна и стручна ревизија; воспоставување на системски механизам за обуки и одржливост на процесот, вклучување на студенти преку практична и волонтерска работа во текот на летниот период, насочена кон подобрување на преведувачките и толкувачките капацитети; ангажмани на определено време или нови вработувања кои ќе бидат предвидени во предлог-буџетот за 2026 година, со јасно наведување дека станува збор за човечки ресурси наменети за оваа конкретна цел, со соодветно образование и релевантно работно искуство и дополнително финансирање на проектот преку донаторски механизми и за реализацијата на сите погоре предвидени активности да ја информира Владата, најдоцна до 20.11.2025 година.

4. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ги интензивира активностите во рамки на Дипломатската академија преку испитување на можностите за соработка со престижни и влијателни дипломатски академии како Institut national du service public (INSP) од Франција, Diplomatische Akademie Wien (Vienna School of International Studies) од Австрија, Foreign, Commonwealth and Development Office Diplomatic Academy од Велика Британија, Akademie Auswärtiges Amt при германското МНР, Foreign Service Institute (FSI) од Соединетите Американски Држави, Canadian Foreign Service Institute (CFSI), China Foreign Affairs University (CFAU), Foreign Service Institute (New Delhi), Diplomacy Academy of the Ministry of Foreign Affairs (Анкара), European External Action Service (EEAS) – European Diplomatic Academy и UNITAR Multilateral Diplomacy Programme, како и за утврдување на потенцијалниот интерес за склучување меморандуми за разбирање, размена на наставни програми и предавачи, заеднички обуки и вклучување на македонските дипломати во меѓународни едукативни и истражувачки мрежи и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

5. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, врз основа на изготвениот план за одржување на конзуларни денови, најдоцна до 30.9.2025 година, да ги објави локациите и термините за нивно одржување на интернет-страницата на Министерството и да даде инструкција тие да бидат споделени преку официјалните канали

за комуникација на дипломатско-конзуларните претставништва, како и преку здруженијата на граѓани во дијаспората и локалните медиуми, со цел навремено информирање на граѓаните за можноста да добијат ефикасна конзуларна услуга, а за реализацијата на овие активности да ја информира Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

6. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во рок од 60 дена да склучи нови меморандуми за соработка со домашни високообразовни институции и да изработи формализирана програма за практикантска работа под името „Интерн.мк", која ќе овозможи систематско вклучување на студенти од нашата држава во практикантски програми и ќе содржи опис на задолженијата на практикантите, структура на работниот период, методологија за евалуација, етички и професионални стандарди, модел за издавање сертификати, утврдување на бројот на практиканти кои може да се примат на годишно ниво и проценка на фискалните импликации, а за реализацијата на овие активности Министерството да ја информира Владата, најдоцна до 30.11.2025 година.

7. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во рок од 30 дена да организира координативен состанок со Министерството за дигитална трансформација, Министерството за внатрешни работи, Министерството за правда, Управата за водење на матични книги и Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, на кој ќе ја претстават приоритетната листа на најбарани услуги што се нудат преку дипломатско-конзуларните претставништва и ќе ја дефинираат правната, техничката и институционалната рамка за нивна дигитална испорака преку порталот https://uslugi.gov.mk. Рамката треба да опфати унифицирани формулари, критериуми за аплицирање, стандарди за е-потпис, валидација и архивирање, како и надградба на порталот со тие услуги во најкус можен рок и спроведувањето на ова задолжување, Министерството да ја информира Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

8. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Министерството за внатрешни работи да ја прецизира временската рамка за набавка и поставување на нови базни станици за дипломатско - конзуларните претставништва во Копенхаген, Париз, Детроит, Абу Даби и една резервна за потребите на Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 15.10.2025 година.

9. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во координација со Министерството за локална самоуправа да информира за статусот на изградба на новите гранични премини и временската рамка за нивно завршување и пуштање во употреба, како и за преземените билатералните активности од страна на нашата држава за отворање на граничните премини Берово - Сандански, Маркова Нога (Преспа), Пулевац Кавадарци – Воден, Стрезимир - Рестелица и Џепиште - Требиште и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

10. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија врз база на нотираните забелешки и сугестии содржани во извештаите од извршената ревизија на дипломатско-конзуларните претставништва во Белград, Тирана, Подгорица, Истанбул,

Анкара и Солун да предложи мерки за нејзино прилагодување кон расположливите ресурси и приоритетите на државата, вклучително зајакнување на дипломатските капацитети, унапредување на квалитетот на работата на дипломатско-конзуларните претставништва, развивање модели за нерезидентно покривање на држави и утврдување критериуми и индикатори за оценка на ефективноста и за тоа да го информира претседателот на Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

11. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да спроведе детална ревизија и на преостанатите дипломатско-конзуларни претставништва на нашата држава и да предложи мерки за нејзино прилагодување на расположливите ресурси и приоритетите на државата преку анализа на капацитетите и ресурсите со кои располагаат, потребите на државата во однос на економските, политичките и културните интереси; потребата за зајакнување на нашето дипломатското присуство, но и да изработи план за нерезидентно покривање на определени земји; воспоставување на соработка со други дипломатски мрежи и организации; дефинирање критериуми и индикатори за оценка на ефективноста и за тоа да ја информира Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија на квартално ниво, започнувајќи од 1.10.2025 година.

12. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Министерството за внатрешни работи целосно да го реализира проектот за дигитализација на процесот на евидентирање на дипломатски и службени пасоши кој има за цел зголемување на ефикасноста, безбедноста и институционалната контрола. Проектот предвидува скратување на административни процедури и дуплирање на ресурси и воспоставување на дигитализирано и интегрирано решение со кое ќе се намалат трошоците и ќе се зајакне меѓуинституционалната координација, преку обезбедување непосреден технички пристап во постојниот систем на Министерството за внатрешни работи за следење на издадени пасоши од страна на овластени лица во Министерството за надворешни работи и надворешна трговија во согласност со стандардите за заштита на личните податоци и информациската безбедност. За реализацијата на оваа мерка Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да ја информира Владата, најдоцна до 30.10.2025 година.

13. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Агенцијата за иселеништво и дипломатско-конзуларните претставништва да го финализира процесот на мапирање на активните дијаспорски здруженија и поединци, врз основа на доставените податоци, дополнителни онлајн прашалници и теренски консултации. Регистарот да биде готов најдоцна до 15.12.2025 година, а за се информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 30.12.2025 година.

14. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија најдоцна до 30.9.2025 година да изврши анализа и систематизација на добиените институционални прилози врз основа на евалуацијата на спроведувањето на Националната стратегија за дијаспората 2019–2023, новите предлог-мерки и консултациите со дијаспората и

релевантните партнери и да ја финализира содржината на Нацрт-националната стратегија за соработка со дијаспората 2025–2030 најдоцна до 30.10.2025 година. Стратегијата треба да содржи јасна визија, стратешки цели, приоритетни области, индикатори за следење, активности и институционални носители. Паралелно, да започне подготовка на Акциски план со временска рамка, буџет, очекувани резултати и систем за евалуација и за двата нацрт-документи да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 15.11.2025 година.

15. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Агенцијата за иселеништво, да организира онлајн консултации со дијаспората преку дигитални платформи најдоцна до 15.11.2025 година. По завршување на јавната дебата и консултациите, Нацрт- националната стратегијата за соработка со дијаспората да се надополни со добиените предлози и сугестии и за тоа да се информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 25.11.2025 година.

16. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да организира јавна дебата во Владата на Република Северна Македонија за разгледување на Нацрт-националната стратегијата за соработка со дојаспората и Акцискиот план најдоцна до 5.12.2025 година. По инкорпорирање на заклучоците, документите да се финализираат и достават до Владата најдоцна до 16.12.2025 година.

17. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изработи консолидирана база на податоци за формални и неформални дијаспорски субјекти, достапна на интерно ниво за сите релевантни институции. Базата да содржи информации за организациите, контакт лица, тип на активности и региони на делување. Да биде оперативна најдоцна до 15.12.2025 година, со известување до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 30.12.2025 година.

18. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да развие веб-подстраница за дијаспората, како дел од официјалната веб-страница на Министерството, со регистар на здруженија, календар на активности, повици и онлајн форма за контакт. Подстраницата да биде пуштена во употреба најдоцна до 30.4.2026 година, со известување до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата, најдоцна до 15.5.2026 година.

19. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во соработка со Агенцијата за иселеништво, да организира најмалку два онлајн консултативни состаноци годишно со дијаспората (по региони или теми), почнувајќи од пролет 2026 година. По секој состанок да се изготви извештај со заклучоци и предлози, и да се достави до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна 14 дена по завршувањето.

20. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Агенцијата за иселеништво и стопанските комори, да изготви Предлог-програма за промоција на економска и образовна соработка со дијаспората (бизнис-настани, форуми за вмрежување, летни школи, менторски програми, културни активности) и да ја достави до Владата, најдоцна до 30.6.2026 година.

21. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Агенцијата за иселеништво, да започне подготовки за Конференција за дијаспората во 2026 година (физичко и онлајн учество). Концептот и временската рамка да се доставаат до Владата, најдоцна до 31.10.2026 година.

22. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за иселеништво, да го финализира воспоставувањето на Советот за економска дипломатија како советодавно и комуникациско тело. Да се изготви внатрешен акт/одлука на министерот со дефинирани структура, критериуми за членство, мандат и работен модел најдоцна до 15.12.2025 година, а за тоа да биде информиран секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.12.2025 година.

23. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за иселеништво, врз основа на номинации од дипломатско - конзуларните претставништва, да ја изврши селекцијата и потврдата на првичниот состав на Советот за економска дипломатија според релевантно економско искуство, влијание и мотивација и за истото да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.12.2025 година.

24. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да именува координатор за Советот за економска дипломатија со административна и комуникациска улога најдоцна до 15.12.2025 година и за истото да го информира секретарот за јавни

политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.12.2025 година.

25. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да организира прва онлајн сесија на Советот за економска дипломатија, најдоцна до 30.3.2026 година и да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, за целите, составот и планот за работа, најдоцна до 15.4.2026 година.

26. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да подготви електронска брошура на македонски и англиски јазик со мисија, цели и визија на Советот за економска дипломатија. Брошурата да биде готова до 30.6.2026 година и објавена на официјалната веб-страница до 15.7.2026 година.

27. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да воспостави регистар на членовите на Советот за економска дипломатија (Excel/Access) и да отвори веб-дел со повици за соработка, извештаи и информации. Веб-делот да биде функционален најдоцна до 30.6.2026 година.

28. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да достави инструкција до сите дипломатско- конзуларни претставништва за редовно доставување извештаи за потенцијални нови членови на Советот за економска дипломатија и економски иницијативи двапати годишно.

29. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и другите институции, да изработи календар на активности за Советот за економска дипломатија за 2026 година (два онлајн состаноци, еден тематски извештај и еден јавен повик). Календарот да биде финализиран, најдоцна до 30.6.2026 година.

30. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука, да го финализира воспоставувањето на Советот за научна дипломатија. Да се донесе интерен акт/одлука на министерот за структура, мандат и критериуми најдоцна до 15.11.2025 година, со известување до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15.12.2025 година.

31. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изврши селекција и потврда на првиот состав на Советот за научна дипломатија врз основа на номинации од дипломатско - конзуларните претставништва, според научна релевантност и географска распределеност. Составот да биде објавен најдоцна до 15.12.2025 година и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.1.2026 година.

32. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да именува координатор/секретар на Советот за научна дипломатија најдоцна до 31.12.2025 година и да организира прв виртуелен состанок најдоцна до 15.3.2026 година и за истото да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28.2.2026 година.

33. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изработи веб-подстраница за научна дипломатија на веб-страницата на Министерството, до 30.6.2026 година.

34. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија, во координација со Министерството за образование и наука, Министерството за здравство, АД Македонски електропреносен систем оператор МЕПСО и Агенцијата за иновативна активност, научно-технолошки развој и претприемништво - ИНОВА, да изработи листа на приоритетни области за соработка со научната дијаспора најдоцна до 31.5.2026 година и да го извести секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 15.6.2026 година.

35. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да креира комуникациска група за потребите на членовите на Советот за научна дипломатија (Google Group/Mailchimp), до 15.6.2026 година.

36. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изработи Годишен извештај за активностите на Советот за научна дипломатија и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 31.10.2026 година.

37. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да идентификува најмалку три пилот-иницијативи (вебинар, тематска конференција, извештај) од предлозите на Советот за научна дипломатија и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 31.12.2026 година.

38. Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија да изготви и до Владата да достави предлог-одлука за доделување државни стипендии за студенти со македонско потекло од дијаспората и соседството за академската 2026/2027 година, најдоцна до 15.3.2026 година.

39. Се задолжува Министерството за образование и наука во соработка со Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Министерството за финансии, да ја разгледа можноста за постепено зголемување на бројот на стипендии за студенти со македонски потекло од дијаспората за најмалку пет годишно, почнувајќи од академската 2026/2027 година и за тоа да ја информира Владата, најдоцна до 31.1.2026 година.

40. Се задолжува Министерството за образование и наука да го објави конкурсот за академската 2026/2027 година најдоцна до 30.4.2026 година, да ја зголеми видливоста преку дигитални алатки, вебинари и прирачник за апликанти со македонско потекло од дијаспората за стипендии до 15.5.2026 година, а првите вебинари да се одржат до 15.6.2026 година.

41. Се задолжува Министерството за образование и наука да изготви евалуациски извештај за академската 2025/2026 година за бројот на доделени стипендии за студенти со македонско потекло од дијаспората, бројот на апликанти, државите на потекло, студиските програми за кои е пројавен интерес, нивниот академски напредок и добиените предлози за унапредување на програмата. Евалуацискиот извештај да се достави до Владата, најдоцна до 15.12.2026 година.

42. Се задолжува Агенцијата за иселеништво, во соработка со Министерството за образование и наука, Министерството за надворешни работи и надворешна трговија и Бирото за развој на образованието, да подготви и предложи модел за бесплатен дигитален курс по македонски јазик (А1 и А2) за ученици од основно образование од дијаспората најдоцна до 15.12.2025 година и да ја информира Владата, најдоцна до 31.12.2025 година.

43. Се задолжува Агенцијата за иселеништво да воспостави подстраница со бесплатен пристап до материјалите за онлајн изучување на македонскиот јазик за ученици од основно образование од дијаспората најдоцна до 30.6.2026 година и да ја информира Владата, најдоцна до 31.7.2026 година.

44. Се задолжува Агенцијата за иселеништво да изработи Предлог-буџет за проширување на програмата за бесплатно онлајн изучување на македонскиот јазик (В1 и В2 нивоа и онлајн-сесии) до 1.3.2026 година и за тоа да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 30.6.2026 година.

45. Се задолжува Министерството за надворешни работи и надворешна трговија преку дипломатско - конзуларните претставништва да спроведе таргетирана промоција на курсот за бесплатно онлајн изучување на македонскиот јазик во август–септември 2026 година и да

го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 31.10.2026 година.

46. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со АД Водостопанство во рок од еден месец до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави Информација со предлог законски решенија за усогласување на надлежностите на водостопанските претпријатија.

47. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со АД Водостопанство во рок од еден месец до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави Предлог-акцискиот план за реконструкција на постојните и изградба на нови системи за наводнување и водостопанска инфраструктура.

48. Се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во рок од седум дена до секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, да достави информација за прогрес на активностите на работната група за рамноправност меѓу жените и мажите и зајакнување на жените.

49. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 да достави барања за номинација на член во работните групи од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во однос на проектите кои се однесуваат на Законот за просторно планирање и изработка на Просторен план на Република Северна Македонија 2021-2040, како и да ја достави работната верзија на Законот за просторно планирање заедно со сите дополнителни потребни информации, најдоцна во рок од три работни дена.

50. Се задолжува Министерството за транспорт за проектите од Програмата за работа на Владата 2024-2028 во најбрз можен рок да постапи согласно своите надлежности во однос на донесување на урбанистички проекти кои се доставени до министерството за потребите за изградба на Колекторски систем ВИНИЦА и поврзување со пречистителна станица Кочани.

51. Се задолжува Министерството за здравство во рок од две недели да формира работна група за изработка на Стратегија за млади лекари, во која ќе вклучи и претставник од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, предложен

од секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата. Воедно, се задолжува Министерството за здравство во рок од три месеци од формирањето на работната група да достави Нацрт-верзија на стратегијата до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

52. Се задолжува Министерството за здравство во рок од две недели да формира работна група за изработка на Национална стратегија за е-здравство, во која ќе вклучи и претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, предложени од секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата. Воедно, се задолжува Министерството за здравство во рок од три месеци од формирањето на работната група да достави Нацрт-верзија на стратегијата до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

53. Се задолжува Министерството за здравство, во координација со ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ и Управата за извршување на санкции да направи анализа за тоа дали постои законска и просторна можност да се отвори посебна организациона единица (оддел или одделение) на ЈЗУ Психијатриска болница „Скопје“ во рамки на просторот на Казнено-поправната установа „Идризово“- Скопје, со цел лицата на кои им е изречена мерка за безбедност „задолжително психијатриско лекување и чување во здравствена установа“, поради високиот безбедносен ризик по останатите пациенти и персоналот во болницата, истата да ја издржуваат во рамки на ваквата организациона единица (оддел или одделение) во рамки на казнено-поправната установа и за истото да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, во рок од 10 дена.

54. Се задолжува ЈЗУ Универзитетска Клиника за Урологија - Скопје најдоцна до 23.9.2025 година до Министерството за здравство да достави номинација на членови во Комисијата за скрининг и рана детекција на рак на простата.

55. Се задолжува Министерството за здравство најдоцна до 10.10.2025 година да ја формира Комисијата за скрининг и рана детекција на рак на простата.

56. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни средства за скрининг на малигни болести кои Министерството за здравство ги има побарано во буџетскиот циркулар за 2026 година, од причина што во Програмата за скрининг на малигни

болести се воведуваат два нови скрининзи- скрининг и рана детекција на рак на простата и скрининг и рана детекција на рак на црн дроб и за истото да го информира секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

57. Се задолжуваат Министерството за финансии и Министерството за внатрешни работи, до 25.9.2025 година да ја ажурираат табелата со тековни проекти кои не се дел од Програмата за работа на Владата и да ги достават до секретарот за јавни политики, координација и следење на Програмата на Владата и на други стратешки планови, проекти и инвестиции поврзани со приоритетите на претседателот на Владата во Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија.

## Точка 2

Владата се информираше со Табеларните прегледи за постапување на институции, со прилози и ги задолжи државните институции од Табеларниот преглед (во прилог) да постапат по задолженијата содржани во истиот.

## Точка 3

1. Владата заклучи Информацијата во врска со статусот на Проектот за градење ефективни, транспарентни и отчетни институции за управување со јавните финансии, разгледана на Сто и десеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 септември 2025 година, под Точка 36, Прашања и предлози, да се дополни со заклучок кој гласи:

- Се задолжува Министерството за финансии да продолжи со активности околу градење на ефективни транспаренти и отчетни институции за управување со јавните финансии, во соработка со Светска банка преку испитување на можноста за употреба на нов инструмент за имплементација и за истото, да ја информира Владата.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:30 часот.